Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 152. Дата: 26. 11. 2012.

# Десет заблуди за христијанството (3)

## Заблуда бр.3: „ Ако си македонец, тогаш си христијанин!?“

Вршејќи анкета, едно момче запира случаен минувач и му поставува прашање: „што сте по националност?“, а човекот сосема природно одговара: „јас сум христијанин.“ –„Но, јас ве прашувам за националност, а не за вероисповед. Вие веројатно сте македонец?“ „Па да, на тоа и мислев. Македонец или христијанин, тоа ти е исто.“- уверено одговара испитаникот.

Ваков став имаат многу македонци, но тоа е погрешен став. Колку и да звучи убаво, дека целата македонска нација е христијанска, само затоа што сме македонци, или сме спомнати во Библијата, тоа не е ниту вистина, ниту е библиски. Многу земји и градови се спомнуваат во Библијата (Египет, Дамаск, Газа, Сирија...), па сепак претежно се муслимански земји.



Што се однесува на поврзаноста на една нација со верата, и еврејските водачи се повикуваа на фактот дека се потомци на Авраам т.е евреи, како сигурен доказ дека тоа ги прави вистински верници. Но, Јован Крстител го сруши тој нивни аргумент, со зборовите:

*„Породи змијски, кој ве предупреди да бегате од гневот што доаѓа? Затоа, принесувајте плодови достојни на покајание, и не мислете да речете во себеси: Авраам е наш татко, зашто ви велам, Бог може од овие камења да му издигне чеда на Авраама.“* (Евангелие по Матеј 3:7-9).

**Што има лошо во тоа македонецот, по автоматизам да се смета за христијанин?**

Ваквиот став повеќе штети на христијанството, отколку што му користи.

**Прво**, затоа што погрешно го наведува македонецот дека со самото негово раѓање, тој си е христијанин. Дури и не мора да верува во Христос и во она што го учи христијанството.

**Второ**, на македонецот му дава погрешна претстава, дека христијанството се сведува на чување на националните вредности, традиции и обичаи, а не на следење на Христовото учење, споделување на евангелието и живеење свет и богоугоден живот. Токму затоа македонецот, дури и кога спроведува народни обичаи со пагански карактер, тој (погрешно) е уверен дека со тоа си ја пази „верата“.

Токму од овие причини, ние македонците (па, и секој што ја сврзува нацијата со верата) ќе мора да научиме неколку работи, ако навистина сакаме да се нарекуваме христијани;
Најнапред, Христов следбеник не се станува преку национална припадност, туку преку прифаќање на Исус, како Господ и Спасител. Понатаму, пазењето на верата не се состои во палење цаламарски огнови, пеење срамни песни, опивање, давање курбан, идолопоклонство... туку во тоа, да се верува и живее сето она што Христос и апостолите го поучувале.

Во една од книгите од Библијата, Бог дава едно ветување, кое првенствено е наменето за израелската нација, но тоа може да важи и за секој народ кој се нарекува со Неговото име, вклучително и за македонскиот народ. Еве како гласи текстот:

*„... ако се смири Мојот народ, кој се нарекува со Моето Име, и ако се помоли, и го побара Моето лице и ако се откаже од лошите патишта, Јас ќе го послушам тогаш од небото и ќе му го простам гревот и ќе му ја излечам земјата“*. (2 кн. Летописи 7:14)

Ако веќе и ние се нарекуваме христијани, тогаш да го послушаме, овој библиски совет.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**